ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр.Nr. 08 - 1173/3
07. 02. 2019 20
СКОПЈЕ - SHKUP

**ГРАД СКОПЈЕ**

Бр.08-

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 ), а во врска со член 6 став 2 од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), а согласно член 11-к од Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр.67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015 и 39/2016), и Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје, бр.08-4042/1 од 08.05.2018 година, 08-4042/2 од 01.08.2018, 08-4042/3 од 14.09.2018, 08-4042/6 од 05.10.2018 година, 08-4042/8 од 07.11.2018 година, 08-4042/11 од 14.12.2018 година и 08-4042/14 од 22.01.2019 г. ), Град Скопје, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 02 /2019**
**за пополнување на работно место со унапредување во Територијална противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување**

**1. Командир на чета** со шифра ПОЖ0210Б01000 во Територијална противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување **............1 извршител**

Кандидатите потребно е да ги исполнуваат следните услови :
**Посебни услови:**
- ниво на квалификациите VI/A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку четири години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж;
- положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место

**Општите работни компетенции се:**:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење.

Работно време: ***смени и тоа 12 часа работа, 24 часа одмор, 12 часа работа, 48 часа одмор.***

Нето месечна плата 22.359, 00 денари.
Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнува и следните општи услови:

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави, вработен во Територијална противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво од законот за пожарникарство, како и:

- да ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- да бил оценет со оценка А или Б на оценувањето во годината пред унапредувањето согласно со членот 11-ј од овој закон,
- да ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува,
- да е распореден на ниво непосредно пониско од нивото на кое се унапредува,
- да поминале најмалку две години од неговото последно унапредување и
- во последната година да не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон .

Кандидатите кон пријавата покрј доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот .

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие) преку архивата на Град Скопје до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса Град Скопје, бул.Илинден бр.82 како и до службената електронска адреса coveckiresursi@skopje.gov.mk со назнака "за интерен оглас ".
Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Градоначалник**

**Петре Шилегов**